Машински факултет
Број 02-2820/1
27.09.2013 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на предлог од продеканот за наставна дејност, на седницата одржана на 26 септември 2013 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за организирање дополнителни испитни рокови за студентите од завршна година на студии на Машински факултет во Скопје

1. Се организираат дополнителни испитни рокови за студентите на четиригодишните и на тригодишните студиски програми на Машински факултет во Скопје, **кои студираат според одредбите на кредит-трансфер системот воведен 2004/2005 година, а кои во учебната 2013/2014 година повторително запишуваат завршна година на студии** (презапишуваат предмети од VII и VIII семестар на четиригодишните, односно од V и VI семестар на тригодишните студии).

2. Испитните рокови да се организираат во втората половина на месец ноември 2013 година и на месец април 2014 година.

3. Право на полагање во **ноемврискиот испитен рок** имаат студентите:

а/ На **четиригодишните студиски програми** кои ги исполнуваат следниве услови:

- од вкупниот број на предмети на студиската програма да им преостанал за полагање само еден предмет од летен семестар или еден предмет од зимски семестар за кој обврските за добивање потпис ги исполниле во зимскиот семестар во учебната 2012/2013 година и тој предмет го презапишале во зимскиот семестар во учебната 2013/2014 година;
- го следеле предметот дипломска работа од VIII семестар во летниот семестар во учебната 2012/2013 година и го презапишале во зимскиот семестар во учебната 2013/2014 година (цикличен упис);
- запишале зимски семестар во учебната 2013/2014 година.

б/ На **тригодишните студиски програми** кои ги исполнуваат следниве услови:

- од вкупниот број на предмети на студиската програма да им преостанал за полагање само еден предмет од летен семестар или еден предмет од зимски семестар за кој обврските за добивање потпис ги исполниле во зимскиот семестар во учебната 2012/2013 година и тој предмет го презапишале во зимскиот семестар во учебната 2013/2014 година;
- го следеле предметот интердисциплинарен проект-дипломска работа од VI семестар во летниот семестар во учебната 2012/2013 година и го презапишале во зимскиот семестар во учебната 2013/2014 година (цикличен упис);
- запишале зимски семестар во учебната 2013/2014 година.

4. Право на полагање во **априлскиот испитен рок** имаат студентите од претходната точка кои ги исполнуваат условите за еден неположен предмет за соодветен зимски, односно летен семестар, го презапишуваат предметот дипломска работа од осми семестар, односно интердисциплинарен проект-дипломска работа од шести семестар во летниот семестар и кои ќе запишат летен семестар во учебната 2013/2014 година.

5. По полагањето на заостанатиот предмет во еден од горните рокови студентот се стекнува со правото на пријава и одбрана на дипломската работа.

6. Продеканот за наставна дејност на Факултетот, со Студентската служба и Работното тело за изготвување распоред на испити да ги организира и спроведе техничките аспекти за реализација на оваа одлука.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба x3, огласна табла, општа служба и архивата на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов